Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 01/21), по барање на **ЈСП - Скопје**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на дрва од следните видови: липи, јасени,јавори,тополи, дудинка и копривка, како и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација што се наоѓаат пред 6-тиот столб и помеѓу 7-иот и 8-иот столб **од трасата на жичницата Водно – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата и расчистувањето на самоникнатата нискостеблеста вегетација ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата и расчистувањето на самоникнатата нискостеблеста вегетација да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални матријални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" -Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ЈСП -Скопје, бул."Александар Македонски" бр.10 ,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/258** од **25.04.2024** година, за кастрење на дрвата и расчистување на самоникнатата нискостеблеста вегетација што се наоѓаат пред 6-тиот столб и помеѓу 7-иот и 8-иот столб **од трасата на жичницата Водно – Скопје.**

Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" -Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **22.05.2024** година. При тоа е утврдено дека нискостеблестата вегетација е диво изникната, а пак дрвата се израснати премногу високи кои пречат на патничките кабини и сајлите кои ги придвижуваат кабините.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/258/2**
**27.05.2024** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило", Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**
____________________

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
____________________

Пом.Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при град Скопје Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-6/258/2, од 27.05. 2024 година донесено од Градоначалникот на град Скопје.
2.Решенијата бр.14-6/258/2 од 27.05.2024 година донесено од Градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на ЈСП Скопје овој орган има донесено решение со кои се дозволува кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на гранки од дрвја кои се наоѓаат пред 6-иот столб и помеѓу 7-иот и 8-иот столб на трасата на жичницата Водно.

Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, бидејќи дрвјата се повисоки од столбовите на жичницата, па постои опасност од нивно паѓање врз сајлите од жичницата и предизвикување на хаварија. Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението ќе се овозможи непречено функционирање на жичницата Водно , за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6/258/3**
**27.05.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈСП -Скопје** за кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) во висина од 4,5 метри што пречи при движење на автобусите со бр.25 од видовите (липи, багреми, брези, дабови) **што се наоѓаат на ул. Тодор Александров, во делот од хотел Панорама до Средно Водно во двете насоки – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**По поднесеното,** барање од **ЈСП -Скопје , бул. "Александар Македонски" бр.10 - Скопје,** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/258** од **25.04.2024** година, за кастрење на дрвата **што се наоѓаат на ул. Тодор Александров, во делот од хотел Панорама до Средно Водно во двете насоки – Скопје,** службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвата предмет на барањето имаат широкоразгранети крошни и надвиснати гранки над улицата кои пречат при движење на автобусите со бр.25, особено двокатните автобуси.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/258/4**
**27.05.2024** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на Секторот за планирање и уредување на просторот при град Скопје Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-6/258/4, од 27.05. 2024 година донесено од Градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр.14-6/258/4 од 27.05.2024 година донесено од Градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на ЈСП Скопје овој орган има донесено решение со кои се дозволува кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на дрва кои пречат при движење на автобуската линија со бр.25 во делот од хотел Панорама до Средно Водно, во двете насоки.

Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, бидејќи во моментот значително е отежнат сообраќајот на наведената траса каде поминуваат автобусите на ЈСП Скопје, особено двокатните автобуси. Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението ќе се овозможи непречено функционирање на автобускиот превоз на линијата 25, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6/258/5**
**27.05.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT